Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-1442/7
10.09.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 05/2002, 84/2020, 202/2024), член 24, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 8/23) и Годишната програма за активностите во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година број 02-2902/19 од 24.12.2025 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/25), и Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година, бр. 02-1387/16 од 27.08.2026 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”, бр. 10/2026), а во врска со Јавниот оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026, бр. 02-1442/4 од 02.09.2026 година, градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, донесе

О Д Л У К А

за избор на корисници на финансиски средства од буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2026 година за реализација на активности од Годишната програма за активностите во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026

Член 1

За реализација на активности предвидени со Годишната програма за активностите во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026, бр. 02-2902/19 од 24.12.2025 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/25), поединечно се доделуваат финансиски средства во следните износи:

3.1 Манифестација „Од Бистра преку Дервен до Ханриево”

Арх. бр.	Апликант	Проект	Вк. бодови	Доделен износ во денари
03-1450/1	ЕФЗ „Седум осмини“	Манифестација „Од Бистра преку Дервен до Ханриево”	65	140.000,00

3.2 Фестивал на отворено

Арх. бр.	Апликант	Проект	Вк. бодови	Доделен износ во денари
03-1450/1	ДТУ ВАЈБ НОКТУРНА ДООЃЛ Скопје	КОРА Фестивал	58	300.000,00

Член 2

Доделените финансиски средства наведени во член 1 од оваа Одлука да се исплатат од буџетот на Општината Ѓорче Петров, на приложените жиро-сметки кон апликациите по Јавниот оглас, што секој апликант поединечно ги навел. Исплатата да се реализира за „К – 2 Програма за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година“, конто 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

Член 4

Апликантите на кои им се доделени финансиски средства, по конечноста на оваа Одлука, должни се да склучат поединечни договори со Општината Ѓорче Петров со коишто конкретно ќе се уредат меѓусебните права и обврски на двете договорни страни.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб-страната на Општина Ѓорче Петров.

Копија од оваа Одлука да се достави до сите апликанти на Јавниот оглас.

О б р а з л о ж е н и е :

Советот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за објавување на Јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на Годишната програма за активностите во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година број бр. 02-1387/18 од 27.08.2026 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 10/2026) изменета и дополнета со Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година, бр. 02-1387/16 од 27.08.2026 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 10/2026) и објави Јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2026, бр. 02-1442/4 од 02.09.2026 година.

Градоначалникот на Општината Ѓорче Петров, согласно Одлуката, со Решение, бр. 02-1442/1 од 01.09.2026 година формираше Комисија за спроведување на постапка за објавување на Јавен повик за доделување финансиски средства предвидени со Годишната програма.

На Јавниот оглас аплицираа вкупно двајца апликанти од коишто:

- на двајцата апликанти им се доделени финансиски средства, врз основа извршено бодирање согласно утврдените критериуми за рангирање на апликациите според објавените критериуми во Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на културата од интерес за Општина Ѓорче Петров за 2026 година. Наведеното е прикажано во член 1 од диспозитивот на оваа Одлука.

Со оглед на сето горенаведено, се одлучи како во диспозитивот на Оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Во рок од 5 дена сметано од денот на објавувањето на оваа Одлука на веб-страната на Општина Ѓорче Петров, може да се поднесе приговор против истата до градоначалникот преку Комисијата за доделување на буџетски средства од Програмата за култура за 2026 година, формирана со Решение донесено од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Градоначалник,
Александар Стојкоски

Доставено до:
-сите апликанти, во копија
-архива во оригинал

Изготвил: член на Комисија
Одобрил: Бобан Стојаноски, претседател на Комисија